Ревизија ТРЕЈД ВИТАНОВ Струмица

АД за неметали ОГРАЖДЕН АД Струмица

| Примено: | 30.04.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 05 | 222 | | |

# Извештај
## од ревизијата на финансиските извештаи за 2014 г.
## на АД за неметали ОГРАЖДЕН - Струмица

---

*Струмица, Април 2015 г*

# Ревизија ТРЕЈД ВИТАНОВ Струмица

До

Раководството и Акционерите на
АД за Неметали Огражден - Струмица

Извештај на независниот ревизор за Финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложениот Извештај за финансиската состојба (Биланс на состојбата) на АД за Неметали Огражден - Струмица, за периодот заклучно со 31.12.2014 г. како и на соодветниот Извештај за сеопфатната добивка (Биланс на успех), Прегледот на паричните текови, Извештајот за промените во капиталот за годината која завршува на тогаш и Прегледот на значајните сметководствени политики и објаснувачки белешки.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи***

Раководството на друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во РМ и интерната контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***

Нашата одговорност и обврска е да изразиме мислење за реалноста и објективноста на искажаните состојби во финансиските извештаи на АД врз основа на нашата ревизија.

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија. Овие стандарди бараат ние да ја планираме и да ја спроведеме ревизијата со цел да добиеме разумна сигурност дали финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Зависно од расудувањето на ревизорот се избираат постапки вклучувајќи ја и процената на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка. Со своите проценки на ризикот ревизорот ја испитува и разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и презентирање на финансиските извештаи на друштвото за да обликува ревизорски постапки кои се соответни на околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на друштвото. Ревизијата исто така вклучува проценка на користените сметководствени принципи и значајните проценки извршени од страна на раководството, а исто така и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои ги прибравме се достатни и соодветни за да обезбедат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според нашето мислење Извештајот за финансиската состојба (Билансот на состојбата) дава вистинска и објективна слика за финансиската состојба на АД за Неметали Огражден - Струмица под состојба 31.12.2014 година, како и резултатите од работењето, Извештајот за сеопфатната добивка (Билансот на успех) и Паричните текови за годината која завршува со тој датум во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во РМ.

***Извештај за други правни и регулативни барања***

Раководството на друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2014 г. во согласност со чл. 384 од Законот за трговските друштва.

Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај за работа, со историските финансиски податоци објавени во годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31.12.2014 г., како и во согласност со барањата на член 34 став 1 точка (д) од Законот за ревизија.

Раководството нема подготвено годишен извештај за работа согласно член 384 став (7) од Законот за трговски друштва.

Поради тие причини ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислењето на ревизијата. Следствено, ние не изразуваме мислење за конзистентноста на годишен извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31.12.2014.

*Во Струмица, 30. 04. 2015*

*Во име на*
*ТП Ревизија ТРЕЈД ВИТАНОВ*

РЕВИЗИЈА ТРЕЈД ВИТАНОВ

Овластен ревизор:
Стевчо Витанов

# АД за неметали ОГРАЖДЕН - Струмица

| БИЛАНС НА УСПЕХОТ | Белешки | (во 000 ден) 2014 | 20 |
|---|---|---|---|
| Приходи | 4 | 117,698 | 119,3 |
| Останати приходи | 5 | 24,900 | 9,3 |
| Сопствени производи употребени и капитализирани во претпријатието | | 1,666 | 1,6 |
| **Вкупни приходи** | | **144,264** | **130,3** |
| Залиха на готови производи и производство во тек на почетокот на годината | | 3,121 | 4,76 |
| Залиха на готови производи и производство во тек на крајот на годината | | (1,847) | (3,11 |
| Употребени суровини и потрошни материјали | 6 | 54,073 | 56,77 |
| Трошоци за вработените | 7 | 23,687 | 24,45 |
| Амортизација | | 11,935 | 9,43 |
| Останати расходи | 8 | 36,089 | 12,70 |
| Финансиски трошоци | 9 | 5,883 | 8,33 |
| Набавна вредност на продадени стоки и материјали | | 10,989 | 16,49 |
| **Вкупни расходи** | | **143,930** | **129,83** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧИВАЊЕ** | | **334** | **47** |
| Данок на добивка | 19 | 76 | 10 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА** | | **258** | **36** |

Составен дел на овој биланс се и сметководствените политики и објаснувачките белешки

Одговорен сметководител
*Зоран Партенов*

Директор
*Аристит Мацунков*

# АД за неметали ОГРАЖДЕН Струмица

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | | во 000 ден | |
|---|---|---|---|
| **А.Средства** | **Белешки** | **31.12.2014** | **31.12.2013** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства и гудвил | 10 | 42,862 | 42,52 |
| Материјални средства по нето сег.вред. | 10 | 165,751 | 182,73 |
| Финансиски вложувања | | 17,840 | 17,84 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **226,453** | **243,10** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 11 | 19,441 | 24,62 |
| Побарувања од поврзани друштва | | 3,411 | 5,30 |
| Побарување од купувачите | 12 | 30,622 | 53,52 |
| Др. Краткор. побарувања-Дадени аванси на добавувачи | 13 | | |
| Побарувања од државата и др. институции | | 5 | |
| Останати краткорочни побарувања и финансиски средства | | 175 | 19 |
| Парични средства | 14 | 1,577 | 1,35 |
| АВР | | 4,787 | 7,93 |
| **Вкупно тековни средства** | | **60,018** | **92,92** |
| **Вкупно средства** | | **286,471** | **336,03** |
| **Б.Главнина** | | | |
| Основна главнина (Запишан капитал) | 15 | 141,505 | 141,79 |
| Резерви | | 25,788 | 25,78 |
| Акумулирана добивка | | 2,056 | 1,68 |
| Нераспределена добивка од финан.година | | 258 | 36 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **169,607** | **169,63** |
| **В.Обврски** | | | |
| Долгорочни финансиски обврски-(заеми и кредити) | 16 | | 48,31 |
| Долгорочни обврски спрема добавувачите | 16 | | 8,13 |
| Краткорочни финансиски обврски-(заеми и кредити) | | 56,279 | 31,63 |
| Обврски спрема поврзани друштва | 17 | 7,279 | 10,60 |
| Обврски спрема добавувачите | 17 | 42,297 | 47,12 |
| Обврски за аванси,депозити и кауции | | 7,650 | 15,22 |
| Обврски за даноци и прид.на плата и на надом на плата | | 673 | 93 |
| Обврски спрема вработените | 18 | 985 | 2,38 |
| Обврски за даноци и придонеси и други краткорочни обврски | 19 | 1,701 | 2,02 |
| **Вкупно обврски** | | **116,864** | **166,39** |
| **Вкупно главнина и обврски** | | **286,471** | **336,03** |

Составен дел на овој биланс се и сметководствените политики и објаснувачките белешки

Одговорен сметководител
*Зоран Партенов*

Директор
*Аристит Мацунков*

# АД за неметали ОГРАЖДЕН Струмица

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОТОВИНСКИОТ ТЕК | (во 000 ден.) 31.12.2014 | 31.12.2013 |
|---|---|---|
| Нето добивка за финансиската година | 258 | 36 |
| Побарувања од купувачите | 24,798 | (3,02 |
| Краткорочни финансијски вложувања | 15 | (5 |
| Останати побарувања | (5) | 28 |
| Активни временски разграничувања | 3,143 | (2,24 |
| Залихи | 5,179 | (91 |
| Обврски спрема добавувачи | (8,155) | 4,31 |
| Обврски за аванси депозити и кауции | (7,578) | 3,59 |
| Обврски по краткорочни кредити и др.финансијски обврски | 24,645 | (6,68 |
| Останати тековни обврски | (262) | (1 |
| Обврски спрема вработените | (1,403) | 4 |
| Други обврски,даноци и придонеси и др. | (328) | (1,02 |
| ***Нето готовински прилив од деловни активности*** | **40,307** | **(5,35** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Нематеријални средства | (335) | (34 |
| Долгорочни финансијски вложувања | - | |
| Набавки или оттуѓување на основни средства | 16,985 | (3,19 |
| | **16,650** | **(3,53** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Обврски по долгорочни кредити | (56,449) | 9,11 |
| Акционерски капитал | (289) | (23 |
| Резерви | | |
| Акомулирана добивка | - | [illegible] |
| | **(56,738)** | **8,88** |
| **Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти** | **219** | **(12** |
| **Пари и парични еквиваленти на почетокот на годината** | 1,358 | 1,370 |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на годината** | 1,577 | 1,358 |

**ИЗВЕШТАИ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ**
**За годините што завршуваат на 31.12.2014 и 2013 год**

**(во 000 денари)**

| | Акционерски капитал | Резерви | Акомулирана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 01.01.2013 г** | 142,029 | 14,977 | 12,497 | 169,503 |
| **Сопствени акции** | (234) | | | (234) |
| Распоред на добивката /загубата/ од 2012 г | | | | - |
| Нето добивка (загуба) по Биланс на успех за 2013г | | | 368 | 368 |
| **Состоба на 31.12.2013 г.** | 141,795 | 14,977 | 12,865 | 169,637 |
| | | | | |
| **Состојба на 01.01.2014 г** | 141,795 | 14,977 | 12,865 | 169,637 |
| **Сопствени акции** | (288) | | | (288) |
| Распоред на добивката /загубата/ од 2013 г | | | | |
| Нето добивка (загуба) по Биланс на успех за 2014г | | | 258 | 258 |
| **Состоба на 31.12.2014 г.** | 141,507 | 14,977 | 13,123 | 169,607 |

Акционерскиот капитал е искажан во номинална вредност на запишаниот капитал.

Според евиденцијата на Централниот депозитар за хартии ид вредност истиот изнесува 124.664 илј.ден.

## Сметководствени политики и објаснувачки белешки

### 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУШТВОТО

АД за неметали ОГРАЖДЕН од Струмица (во понатамошниот текст Друштвото) произведува и продава мелен фелспад, варовник и суви прашкасти производи за градежништвото.

Основната главнина на Друштвото се состои од акционерски капитал од 2.010.750 ЕУР поделен на 40.215 акции кои ги држат 86 акционери, од кои едно лице е доминантен сопственик со 50.2 %

Седиштето на Друштвото е лоцирано на ул. Маршал Тито бр.239 Струмица.

На 31 декември 2014 г, Друштвото имало 48 вработени (2013; 49).

Финансиските извештаи на Друштвото беа одобрени за издавање од страна на раководството на 27 февруари 2015 година.

### 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики кои се применет при подготвувањето і финансиските извештаи се применуваат конзистентно во текот на целата презентира година.

#### 2.1.Основи за подготовка на финансиските извештаи

Финансиските извештаи на АД за неметали ОГРАЖДЕН-Струмица се изготвени і согласност со Законот за трговски друштва (Сл. Весник на РМ 28/04, 84/05, 25/07, 87/0 42/10 и 48/10) и Правилникот за водење сметководство (Сл. Весник на РМ бр. 159/09 164/10), односно според Сметководствени стандарди прифатени во РМ.

Финансиските извештаи се изготвени со примена на метадата на набавна вредност принципот на континуитет во работењето.

Овие финансиски извештаи вклучуваат побарувања, обврски, оперативни резултат промени во главнината и паричните текови на Друштвото.

При изготвувањето на овие финансиски извештаи, Друштвото се придржуваше кс сметководствените политики опишани погоре.

Финансиските извештаи на Друштвото се изразени во илјади денари.

Денарот претставува официјална известувачка валута на Друштвото.

Сите други трансакции во валута различна од официјалната се сметаат за трансакции в странска валута.

#### 2.2 Користење на проценки

Изготвувањето на финансиските извештаи во согласност со МСФИ бара од Раководство на Друштвото да употреба на проценки и претпоставки кои влијаат на прикажаните износ на средствата и обврските и обелоденувањето на неизвесни средства и обврски на денот н финансиските извештаи, како и на приходите и трошоците во извештајниот период. Ови проценки и претпоставки се засновани на информациите достапни на датумот на изготвувањето на Извештајот за финансиската состојба (Билансот на состојбата Актуелните резултати можат да се разликуваат од овие проценки.

Овие проценки се разгледуваат периодично и промените во проценките се прикажуваат в периодите во кои истите стануваат познати.

Најзначајната употреба на расудувања и проценки, кои се обелоденети во прегледот н значајни сметководствени политики и соодветните објаснувачки белешки се однесуваат н обезвреднување на финансиските и нефинансиските средства, финансиските

обврски и проценката за резервирања за судски спорови.

### 2.3 Споредливи износи

Споредливите износи ги претставуваат ревидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2013 г.

### 2.4 Приходи

Приходите се искажани според објективната вредност на применитe средства или побарувања, намалени за одобрените дисконти и данокот на додадена вредност. Приходот е искажан во моментот кога производите се испорачани односно кога договорената услуга е извршена.

### 2.5 Расходи

Расходите се прикажуваат врз принципот на пресметковна основа (фактурирана реализација).

### 2.6 Оперативен лизинг

Лизингот каде Друштвото не ги пренесува сите ризици и приноси кои се поврзани со сопственоста врз средството врз корисникот на лизингот се класифицира како оперативен лизинг.

Приходите поврзани со оперативниот лизинг се признаваат во периодот за кој се однесуваат.

Оперативниот лизинг се однесува на изнајмување на деловни простории, магацини и други трошоци за закупнина. Гореспоменатите трошоци се искажани во Извештајот за сеопфатна добивка (Билансот на успех) во моментот кога таквите трошоци настануваат, во согласност со важечките договори за оперативен лизинг.

### 2.7 Одржување и поправки

Трошоците за одржувањето и поправките на недвижностите, постројките и опремата се прикажуваат како трошоци во моментот на нивно настанување во ефективни износи и се признаваат во Извештајот за сеопфатна добивка (Биланс на успех) на Друштвото.

### 2.8 Трошоци на позајмување

Трошоците на позајмување се евидентираат како расходи во периодот во кој настануваат.

### 2.9 Конвертирање во странска валута и сметководствениот третман на позитивните и негативните курсни разлики и ефектот од примената на девизна клаузула

Ставките во Извештајот за финансиска состојба(Билансот на состојбата) и Извештајот за сеопфатна добивка (Биланс на успех) искажани во финансиските извештаи се вреднуваат со користење на валутата од примарното економско опкружување (функционална валута). Како што е обелоденето во Белешка 2.1, придружните финансиски извештаи се прикажани во илјади денари (МКД), кои претставуваат функционална и официјална извештајна валута на Друштвото.

Компонентите на средствата и обврските искажани во странска валута се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на составување на Извештајот за финансиска состојба.

Трансакциите во странски валути се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на секоја трансакција.

## Сметководствени политики и објаснувачки белешки-продолжение

Позитивните и негативните курсни разлики кои произлегуваат од конвертирањето на средствата, обврските и трансакциите се соодветно искажани како приход/расход во Извештајот за сеопфатна добивка (Билансот на успех).

### 2.10 Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата на Друштвото на 31 декември 2014 г. се состојат од недвижности и опрема.
Недвижностите и опремата се прикажани по набавни цени намалени за акумулираната амортизација.

Набавната вредност се состои од фактурната вредност зголемена за увозните царини, неповратните даноци, како и сите трошоци кои директно придонесуваат за доведување на средствата во работна состојба за намената за која се набавени. Сите добиени попусти и/или рабати ја намалуваат фактурната вредност на средствата. Набавната вредност на постројките и опремата произведени / изградени во сопствена режија ја претставува набавната вредност на денот на кој е комплетиран процесот на изградбата или развојот.
Недвижностите и опремата се капитализираат како материјални средства доколку нивниот очекуван корисен век надминува една година.
Капиталните подобрувања, обновувања и поправки кои го продолжуваат животниот век на средството се капитализираат. Поправките и одржувањата се прикажуваат како трошок во моментот на нивно настанување и влегување во оперативни трошоци.
Корисниот век се проценува најмалку на крајот на секоја финансиска година и доколку има значајна промена во очекуваното движење на потрошувачката на идните економски користи од средствата, стапката на амортизација е сменета како резултат на променетото движење.

### 2.11 Нематеријални средства

Нематеријалните средства се состојат од софтверски пакети и други слични права. Нематеријалните средства се прикажуваат според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација. Трошоците поврзани со одржувањето на софтверот се признаваат како трошоци во моментот на нивно настанување.

### 2.12 Амортизација

Амортизацијата на недвижностите и опремата и нематеријалните средства се пресметува правопропорционално, со цел набавната вредност на средствата целосно да се отпише во нивниот проценет корисен век.
Амортизацијата на недвижностите и опремата и нематеријалните средства се врши според стапки засновани на проценетиот корисен век на средствата од страна на Раководството на Друштвото. Компетентните оддели во Друштвото периодично го проценуваат корисниот век на недвижностите и опремата.
Пропишаните годишни стапки на амортизацијата се користат за одделните групи на недвижности и опрема и нематеријални средства, се како што следува:

| | |
|---|---|
| Недвижнини | 2,5% - 10% |
| Деловен инвентар | 5% - 10% |
| Мебел | 20% |
| Компјутерска опрема и софтвер | 25% |
| Телекомуникациска опрема и возила | 20% - 25% |
| Нематеријални средства | 20% |

Амортизацијата на недвижности и опрема и нематеријални средства започнува да се пресметува со ставање на средствата во употреба.

## Сметководствени политики и објаснувачки белешки-продолжение

Пресметувањето на амортизацијата за даночни цели е пропишана со Законот за данокот на добивка, кој ги признава пропишаните стапки со Номенклатурата како официјални. Горенаведените амортизациони стапки кои Друштвото ги применува не се разликуваат од пропишаните амортизациони стапки за даночни цели.

### 2.13 Обезвреднување на нефинансиските средства

Во согласност со прифатените сметководствени политики, на крајот на секоја година Раководството на Друштвото ја проценува сметководтвената вредност на нематеријалните средства на Друштвото, како и на недвижностите и опремата. Доколку постои индикација дека овие средства се обезвреднети, се пресметува надоместливата вредност на средствата за да се утврди обемот на загубата од обезвреднување. Доколку надоместливата вредност на средствата е проценета како пониска од неговата сегашна вредност, сегашната вредност се намалува до износот на надоместливата вредност, која ја претставува повисоката од нето продажната вредност на средството и неговата употребна вредност. Загубите од обезвреднување, кои ја претставуваат разликата помеѓу сегашната вредност и надоместливата вредност на материјалните и нематеријалните средства, се прикажуваат како расход согласно МСС 36 - Обезвреднување на средствата. Обезвреднетите нефинансиски средства се оценуваат на секој извештаен датум за да се утврдат можните надоместувања на обезвреднувањето.

### 2.14 Залихи

Залихите иницијално се искажуваат според пониската од набавната и нето продажната вредност. Набавната вредност се состои од фактурната вредност, транспортните трошоци и другите зависни трошоци. Набавната вредност се утврдува според методот на просечни цени.

Нето продажната вредност ја претставува цената по која залихите би можеле да бидат продадени во нормални услови на стопанисување, намалени за трошоците на продажбата.

Исправката на вредноста на залихите која се прикажува како трошок се евидентира кај ставките кај кои е потребно да се намали нивната сметководствена вредност до нето продажната вредност проценета од страна на Раководството.

Залихите кои се обезвреднети или се со квалитет кој е понизок од стандардниот, целосно се отпишуваат.

Залихите на производи за препродажба се евидентираат според набавната вредност.

### 2.15 Финансиски инструменти

Сите финансиски инструменти иницијално се признаваат според пазарната вредност вклучувајќи ги директните зависни трошоци на трансакција.

При иницијалното признавање, Раководството ја одредува класификацијата на финансиското средство. Класификацијата зависи од целта за која е набавено финансиското средство.

a) Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи се искажани според нивната номинална вредност намалена за соодветните исправки за пресметани ненадоместливи износи.

Исправката за обезвреднување на побарувањата се прикажува кога постои **објективен** доказ дека Друштвото нема да биде **во можност** да ги наплати сите доспеани износи во согласност со **оригиналните** услови врз кои се настанати побарувањата. Значајните финансиски потешкотии на должникот, веројатноста должникот да влезе во процес на

**Сметководствени политики и објаснувачки белешки-продолжение**

ликвидација или финансиска реорганизација и неможност за плаќање се сметаат за индикатори дека побарувањата се обезвреднети.
Отписот на побарувањата се спроведува врз основа на старосната структура на побарувањата и историското искуство и кога се оценува дека делумната или целосната наплата на побарувањето повеќе не е веројатна. Сметководствената вредност на средството се намалува преку исправката на вредноста на побарувањата и износот на трошокот се прикажува во Извештајот за сеопфатна Добивка (Билансот на успех). Кога побарувањето е ненаплатливо, истото се отпишува за сметка на исправка на вредноста на побарувањата. Последователните наплати на претходно потишаните побарувања и соодветното намалување на исправката се признаваат како приход.

б)Оперативни обврски

Обврските кон добавувачи и останатите краткорочни обврски се мерат според вредноста на примените средства.

**2.16 Пари и парични еквиваленти**

Парите и паричните еквиваленти се состојат од средствата на трансакциските сметки, благајната и останатите високоликвидни вложувања со иницијална доспеаност до три месеци, или помалку кои се моментално конвертабилни во познати парични износи и се изложени на незначаен ризик од промена во вредноста.

**2.17 Надоместоци на вработените**

Даноци и придонеси на вработените за социјално осигурување

Во согласност со законските прописи во Република Македонија, Друштвото е обврзано да плаќа придонеси на повеќе државни фондови за социјално осигурување. Овие обврски опфаќаат плаќање на надоместоци во име на вработените од страна на Работодавачот во износи пресметани со примена на специфични, пропишани со закон стапки.

Друштвото е законски обврзано да задржува придонеси од бруто платите на вработените и во име на вработените да ги уплатува задржаните износи во соодветните државни фондови. Овие обврски се искажуваат како трошок во моментот на нивното настанување.

**2.18 Данок на добивка**

Тековниот данок на добивка го претставува износот кој е пресметан и платен во согласност со Законот за данок на добивка кој е на сила воРепубликаМакедонија.

Данокот на добивка се плаќа по стапка од 10% на износот на даночно непризнатите трошоци, како и при исплата на дивиденда при распределба на добивката (почнувајќи од остварената добивка за 2009 година), освен кога дивидендата се плаќа на домашно правно лице.

Одложени даноци

Одложените даноци се признаваат кога се јавува разлика помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивната сметководствена вредност според даночната регулатива.

Во финансиските извештаи, нема времени оданочиви разлики.

**2.19 Дивиденди**

Дивидендите се искажуваат како обврска со намалување на капиталот во периодот во кој се одобрени од сопствениците на Друштвото. Дивидендите за годината, кои се

објавени под датумот на Извештајот на финансиската состојба се обелоденуваат како настани по периодот на известување.

## 3.УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ

Во нормалниот тек на спроведување на своите деловни активности, Друштвото е изложено на повеќе различни.ризици со различен степен на изложеност: пазарен ризик (вклучувајќи ги: ризик од курсни разлики, каматен ризик и ценовен ризик), ликвидносен ризик и кредитен ризик.

Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз финансиското работење на Друштвото.

### 3.1 Пазарен ризик

а) Ризик од курсни разлики

Друштвото влегува во трансакции во странска валута кои произлегуваат од продажба и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управувањето со ризик од курсни разлики и не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Според ова, Друштвото е изложено на можните флуктуации на странските валути, кое сепак е ограничено поради фактот дека најголем број трансакции се во Евра, чиј валутен курс се смета за релативно стабилен.

Официјалните девизни курсеви користени за конверзија во денар на ставките од Извештајот за финансиската состојба искажани во странска валута на 31 декември 2013 и 2012 година се дадени во следниов преглед:

| Валута | 31.декември 2014 г. | | 31.декември 2013 | |
|---|---|---|---|---|
| 1 УС$ | 50.5604 | денари | 44.6284 | денари |
| 1 ЕУР | 61.4814 | денари | 61.5113 | денари |

б) Каматен ризик

Друштвото е изложено на ризик од промени во каматните стапки кои преку промена на нивото на пазарните каматни стапки влијае врз неговата финансиска состојба и паричните текови.

в) Ценовен ризик

Ризикот од цената на капиталот е веројатноста дека цената на капиталот ќе флуктуира и ќе влијае на фер вредноста на вложувањата во акции и останатите инструменти чија вредност произлегува од конкретни вложувања во акции или од индексот на цените на капиталот.

Примарната изложеност на цената на капиталот произлегува од вложување во хартии од вредност. Друштвото е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата расположливи за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото.

Друштвото не вложува во хартии од вредност.

### 3.2Ликвидносен ризик

Управувањето со ликвидносниот ризик е централизирано во Друштвото.

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите

## Сметководствени политики и објаснувачки белешки-продолжение

доверители. Ваквиот ризик се надминува со константо обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски.
Друштвото не користи финансиски деривативи. (Фјучерс договори)

### 3.3Кредитен ризик

Кредитниот ризик произлегува од пари и парични средства, депозити во банки и финансиски институции, како и од кредитна изложеност кон корпоративни клиенти од малопродажбата, вклучувајќи ги побарувањата и обврзувањата.
Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е ограничена. Управувањето со кредитниот ризик се врши со превземање на соодветни мерки и активности од страна на Друштвото. Во случај на неплаќање, Друштвото престанува со продажба на своите производи и услуги на клиентите. Исто така, Друштвото нема значајни концентрации на кредитен ризик со оглед на големината на базата на клиенти која е со поединечно мали износи и со неповрзаност помеѓу клиентите.
Со цел да ја осигура наплатата на побарувањата, Друштвото ги спроведува следните дејствија: компензации со клиентите, покренување на судски спорови, вонсудски спогодби итн.

### 3.4.Управување со капиталниот ризик

